# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

2831.

Врз основа на член 136 ставови 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144, од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12 и 155/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПИЛОТИ НА ЕДРИЛИЦИ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на пилоти на едрилици ("Службен весник на Република Македонија" бр. 108/12) во членот 14 во ставот (3) по точката 20 се додава нова точка 21 која гласи:

"21. Способност за одржување на радио комуникација (радиотелефонија);"

Точките 21 и 22 стануваат точки 22 и 23.

Член 2

Во членот 17 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9, 10 и 11 стануваат точки 8, 9 и 10.

Член 3

Во членот 21 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9 и 10 стануваат точки 8 и 9.

Во ставот (2) во алинејата 3 точка запирката се заманува со сврзникот "и".

Во алинејата 4 сврзникот "и" се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Член 4

Во членот 22 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9, 10 и 11 стануваат точки 8, 9 и 10.

Член 5

Во членот 43 по зборот: "воздухопловство" се додаваат зборовите: "и стекнатата способност за одржување на радио комуникација (радиотелефонија)".

Член 6

Во членот 44 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9, 10 и 11 стануваат точки 8, 9 и 10.

Во ставот (2) во алинејата 3 точка запирката се заманува со сврзникот "и".

Во алинејата 4 сврзникот "и" се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Член 7

Во членот 48 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9 и 10 стануваат точки 8 и 9.

Во ставот (2) во алинејата 3 точка запирката се заманува со сврзникот "и".

Во алинејата 4 сврзникот "и" се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Член 8

Во членот 49 во ставот (1) точката 8 се брише.

Точките 9, 10 и 11 стануваат точки 8, 9 и 10.

Член 9

Членот 55 се менува и гласи:

"(1) Дозволата на пилот на едрилица се издава со рок на важност од пет години.

(2) Овластувањата кои се впишуваат во дозвола на пилот на едрилица се издаваат со рок на важност од две години.

(3) Дозволата на пилот на едрилица и овластувањата кои се впишуваат во дозволата за да бидат во важност имателот на дозволата треба да поседува важечкото лекарско уверение за здравствена способност - класа 2."

Член 10

По членот 55 се додаваат два нови члена 55-а и 55-б кои гласат:

"Член 55-а

(1) Агенцијата ќе ја замени дозволата на пилот на едрилица во случај кога:

а) ќе се пополни ставката XII - Рејтинзи што треба да се продолжуваат/ratings to be revalidated, во дозволата на пилот на едрилица;

б) дозволата е оштетена или загубена и

в) ќе се променат некои од личните податоци на имателот на дозволата (име, презиме, адреса или слично).

(2) Во случај на замена на дозвола од став (1) на овој член, Агенцијата ги впишува во новата дозвола важечките овластувања на имателот на дозволата.

Член 55-б

(1) Имателот на дозвола за пилот на едрилица може да врши должности на пилот на едрилица или едрилица со помошен мотор во зависност од начинот на полетување кој се користи за време на обуката и во практичниот дел од испитот. Овие ограничувања за начинот на полетување се впишуваат во дозволата за пилот на едрилица.

(2) За впишување на нови ограничувања за начинот на полетување, пилотот на едрилица треба во овластена организација или центар за обука на пилоти на едрилици да изврши:

- најмалку пет полетувања со инструктор и најмалку пет самостојни полетувања под надзор на инструктор за полетување за ограничување влечење од земја (со стационарен вител или со автомобил),

- најмалку пет полетувања со инструктор и најмалку пет самостојни полетувања под надзор на инструктор за ограничување за полетување со авиозапрега,

- најмалку пет полетувања со инструктор и најмалку пет самостојни полетувања под надзор на инструктор за ограничување за полетување со помошен мотор. Полетувањето со помошен мотор со инструктор може да се врши и со моторна едрилица (TMG) и

- најмалку три полетувања со инструктор или три самостојни полетувања под надзор на инструктор за ограничување за полетување со гума.

(3) По успешно завршување на полетувањата од став (2) на овој член, овластената организација или центар за обука на пилоти на едрилици издава потврда заради впишување на соодветните ограничувања за начинот на полетување."

Член 11

Во членот 58 по точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка".

Точките 3 и 4 стануваат точки 4 и 5.

Член 12

Во членот 59 по зборовите: "треба да обезбеди" се додаваат зборовите: "пилотска книшка и".

Член 13

Во членот 60 во точката 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка.".

Член 14

Во членот 61 во точката 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка.".

Член 15

Во членот 62 во точката 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка.".

Член 16

Во членот 63 во точката 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка.".

Член 17

Во членот 64 во точката 2 потточка 2, точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3 која гласи:

"3. Пилотска книшка.".

Член 18

По членот 64 се додава еден нов член 64-а кој гласи:

„Член 64-а

(1) Лицето што нема да ја продолжи дозволата за пилот на едрилица во рокот од член 57 на овој правилник, а од истекот на дозволата не поминале повеќе од три години, може да ја обнови дозволата со поднесување на следната документација:

1. дозвола за пилот на едрилица;

2. потврда заверена од страна на инструктор дека во последните 12 месеци пред поднесување на барање за обновување на дозволата извршил налет од најмалку три часа во својство на пилот на едрилица под надзор на инструктор, вклучувајќи најмалку пет полетувања и пет слетувања;

3. доказ за извршена провека во лет од инструктор согласно листа за проверка;

4. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2;

5. пилотска книшка и

6. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица.

(2) Налетот од став (1) точка 2 на овој член треба да опфаќа имитација на принудни слетувања, случаи за опасности во школски круг и превлечен лет во школски круг и зона.

(3) Лицето што нема да ја продолжи дозволата за пилот на едрилица во рокот од член 57 на овој правилник, а од истекот на дозволата поминале повеќе од три, но не подолго од пет години, може да ја обнови дозволата со поднесување на следната документација:

1. дозвола за пилот на едрилица;

2. потврда заверена од страна на инструктор дека во последните 12 месеци пред поднесување на барање за обновување на дозволата извршил налет од најмалку пет часа во својство на пилот на едрилица под надзор на инструктор, вклучувајќи најмалку осум полетувања и осум слетувања;

3. доказ за извршена провека во лет од инструктор согласно листа за проверка;

4. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2;

5. пилотска книшка и

6. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица.

(4) Налетот од став (3) точка 2 на овој член треба да опфаќа имитација на принудни слетувања, случаеви за опасности во школски круг, превлечен лет во школски круг и зона, усовршување на техники на пилотирање во зони, едрење во термички, падински услови и на таласи.

(5) Лицето кое нема да ја продолжи дозволата за пилот на едрилица во рокот од член 57 на овој правилник, а од истекот на дозволата поминале повеќе од пет години, може да ја обнови дозволата со поднесување на следната документација:

1. дозвола за пилот на едрилица;

2. потврда за завршена основна обука (теоретска и практична) за стекнување на дозвола за пилот на едрилица во овластена организација или центар за обука;

3. пилотска книшка и

4. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2.

Член 19

Членот 65 се менува и гласи:

“Член 65

(1) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за ноќно летање со едрилица во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 60 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3. пилотска книшка.

(2) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за летање без надворешна видливост во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 61 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3. пилотска книшка.

(3) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за акробатско летање во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 62 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3.пилотска книшка.

(4) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за професионален пилот на едрилица во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 63 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3. пилотска книшка.

(5) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за инструктор за обука на пилоти на едрилици и/или за акробации во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 64 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3. пилотска книшка.

(6) Лицето што нема да го продолжи овластувањето за летање со моторна едрилица со фиксен мотор (touring motor glider (TMG)) во рокот од член 57 на овој правилник може да го обнови овластувањето доколку ги исполни условите од член 59 на овој правилник, како и да ја поднесе следната документација:

1. потврда за извршена проценка на знаењата спроведена од страна на инструктор по предметот Експлоатација и принудни постапки на едрилица;

2. важечко лекарско уверение за здравствена способност – класа 2 и

3. пилотска книшка. “

Член 20

Во Прилогот 1 во точката 6 табелата “Вежби од практичната обука во воздух” се менува и гласи:

| Бр. на Вежба | ИМЕ НА ВЕЖБА |
|---|---|
| 1 | Информативен лет |
| 2 | Режими на лет во школски круг и зона |
| 3 | Завртувања во школски круг и зона |
| 4 | Превлечен лет во школски круг и зона |
| 5 | Имитација на принудно слетување |
| 6 | Школски кругови за вежбање |
| 7 | Случаеви на опасности за школскиот круг |
| 8 | Школски кругови за усвојувања |
| 9 | Припрема за контролен лет |
| 10 | Контролен лет за самостојно летање |
| 11 | Прв самостоен лет |
| 12 | Самостојни школски кругови |
| 13 | Полетување и слетување, кратки писти |
| 14 | Усовршување на техники на пилотирање во зони |
| 15 | Лет за запознавање во едрење |
| 16 | Режими на лет во едрење |
| 17 | Завртувања во едрење |
| 18 | Едрење во термички услови |
| 19 | Едрење на падинински услови |
| 20 | Едрење на таласи |
| 21 | Способност за одржување на радио комуникација (радиотелефонија) |
| 22 | Самостојни едрења |
| 23 | Прелет со едрилица, визуелно ориентирање, навигација со пресметување и користење на останатите навигациски помагала |

Во точката 7.1.1 алинејата 8 се брише.
Во точката 7.5.1 алинејата 8 се брише.
Во точката 7.5.2 потточка 2 алинејата 5 се брише.
Во точката 7.6.1 алинејата 8 се брише.

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-1231/3
14 август 2013 година
Скопје

Агенција
за цивилно воздухопловство
Директор,
д-р **Дејан Мојсоски,** с.р.